**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ПРАВИЛА ЗА ПРЕВЕНИРАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јуни 2021 година**

Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и член 21 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 07.06.2021 година донесе

## ПРАВИЛА

### за превенирање, реакција и санирање на инциденти во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

**Член 1**

Со овие Правила се определува начинот на управување со инциденти во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија) кои ја нарушуваат доверливоста, интегритетот или достапноста на личните податоци.

Управување со инциденти опфаќа пријавување, реакција и санирање на инцидентите.

**Член 2**

Секое овластено лице е должно веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработка на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа е можно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанување на инцидентот;
- место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот;
- податок или проценка на обемот, односно опсегот на инцидентот;
- име и презиме на овластеното лице кое го пријавува инцидентот;
- име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

**Член 3**

По приемот на пријавата за инцидент, администраторот на информацискиот систем, го известува Претседателот на Комисијата за пријавата на инцидентот и веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот за настанување на инцидентот.

**Член 4**

Доколку како последица од настанување на инцидентот дојде до губење или бришење на дел или на сите лични податоци содржани во информацискиот систем на Комисијата, истите ќе бидат повторно внесени/вратени во информацискиот систем со користење на сигурносни копии кои се чуваат кај Комисијата.

Постапката од став 1 од овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или на сите лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидент или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

**Член 5**

При повторно внесување/враќање на личните податоци во системот задолжително и во електронска форма се врши евиденција на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторно внесување/враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на администраторот на информацискиот систем врз основа на писмено овластување дадено од страна Комисијата.

**Член 6**

Со денот на донесување на овие Правила престануваат да важат Правилата за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.03-647/1 од 10.06.2019 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласната табла на Комисијата.

**Број 03-426/1**
**Скопје 07.06.2021 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**